Партија на обединети демократи на Македонија

**ПРВА КОНФЕРЕНЦИЈА НА ОРГАНИЗАЦИЈА НА ЖЕНИ НА ПАРТИЈА НА ОБЕДИНЕТИ ДЕМОКРАТИ НА МАКЕДОНИЈА**

# СТАТУТ НА
# ОРГАНИЗАЦИЈА НА ЖЕНИ
# НА ПАРТИЈАТА НА ОБЕДИНЕТИ ДЕМОКРАТИ НА МАКЕДОНИЈА
# - ПОДЕМ-

**КАВАДАРЦИ, 11.07.2010 г**

Врз основа на членовите 75,76,77 и 78 од Статутот на ПОДЕМ, Жените на Партијата на обединети демократи (ПОДЕМ), на својата Прва Конференција, одржана на 11.07.2010 година во Кавадарци, го усвои и донесе следниот

# С Т А Т У Т

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### 1. Предмет на дефинирање и уредување

**Член 1**

Името на жени е Организација на жени на Партијата на обединети демократи на Македонија. Скратено име е Организација на жени (ОЖ) на ПОДЕМ.

**Член 2**

Организацијата на жени на ПОДЕМ е со седиште на ул. Илинденска 60/2, Скопје.

### 2. Начела и цели на Партијата

**Член 3**

Организацијата на жени на ПОДЕМ своето политичко дејствување ќе го остварува преку следниве начела и цели:

• целосно почитување на човекот, човековото достоинство, права и слободи, согласно со највисоките цивилизациски и демократски придобивки;

• развивање на демократијата и обезбедување законска еднаквост на граѓаните;

• афирмација и остварување на темелните вредности на уставниот поредок на Република Македонија;

• натамошна изградба на Република Македонија како суверена, демократска, правна и унитарна држава;

• владеење на правото во однос на сите граѓани подеднакво;

• ефикасна примена на законите и остварување на одговорноста на сите, без оглед на нивната политичка, етничка или верска определба и припадност;

• обезбедување економска демократија и заштита на правото на работа;

• развивање на пазарно и ефикасно стопанство и создавање услови за рамноправност на стопанските субјекти;

• изградба на општество на социјална правда;

• нова демократска социјална држава со нејзина смалена улога во економскиот живот, а зголемена во регулирање на социјалните права;

• изградба на општество на подеднакви шанси во смисла на решавање на егзистенцијалните потреби на граѓаните: вработување, здравствена заштита, образование, социјална заштита и слично;

• изградба на нов граѓански и политички морал низ афирмација и практикување на нова политичка култура;

• негување на културните вредности и историските придобивки на Македонија и на заедниците коишто живеат во нејзините граници;

• почитување на верските слободи и правото на слободен избор на вероисповест;

• заштита на половата еднаквост и рамноправна застапеност, на сите нивоа во политичкиот и јавниот живот, утврдени во Програмата за начин на делување и остварување на ОЖ на ПОДЕМ;

• заштита на човековата околина во согласност со меѓународните документи;

• втемелување и примена на европските системи на вредности во Република Македонија и нејзино непосредно вклучување во европските и во евроатлантскитеинтегративни процеси;

• заложби за подобрување на положбата и обезбедување на слободите и правата на припадниците на македонскиот народ во соседните земји, утврдени со меѓународни документи, како и развивање културна и духовна комуникација со нив;

• одржување и развивање комуникација и соработка со иселениците;

• развивање соработка со организации и институции од регионот во различни области и на различни нивоа;

• поттикнување и афирмација на мисловниот и политичкиот плурализам.

Основните начела и цели од став 1 подетално се разработуваат во Програмската декларација и во другите документи што се донесуваат во рамките на политичкото дејствување на Организацијата на жени на ПОДЕМ.

**Член 4**

Во остварувањето на политичките начела и цели, Организацијата на жени на ПОДЕМ користи исклучително демократски и ненасилни парламентарни и вонпарламентарни средства.

Организацијата на жени на ПОДЕМ не ги прифаќа и енергично ги отфрла како нецивилизациски сите обиди за користење на недемократски, тоталитарни или други насилни методи.

## II. ПОСЕБНИ ОДРЕДБИ

### 1. Форми на дејствување

**Член 5**

Организацијата на жените на ПОДЕМ функционира преку следниве форми на организациско дејствување:

• органи и работни тела на Партијата;

• поединечна организирана активност на своите членови;

• соработка со други политички и неполитички организации и здруженија;

• разни видови на влијанија врз јавното мислење;

• други форми и начини што се соодветни на демократското уредување на општеството и на Партијата.

Организацијата на жените на ПОДЕМ, со посебна одлука на Претседателството, може да развива посебни форми на соработка со жени на други партии и организации со сродни програмски цели од земјата и надвор од неа, да членува во европски и светски женски организации со демократска ориентација.

**Член 6**

Работата на Организацијата на жени на ПОДЕМ е јавна.

**Член 7**

Организацијата на жени на ПОДЕМ ја застапува и ја претставува претседателот. Во случај на спреченост на претседателот, Организацијата на жени ја претставува и ја застапува еден од потпретседателите или друг член на Претседателството со претходно овластување од претседателот.

**2. Членство**

**Член 8**

Во Организацијата на жени на ПОДЕМ може да се зачлени секој полнолетен припадник на женскиот пол - државјанин на Република Македонија, кој доброволно ќе потпише пристапница за членство во Партијата, кој не е член на друга политичка партија во Република Македонија и кој ги прифаќа одредбите од овој Статут и од Програмската декларација.

Во активностите на Организацијата на жени на ПОДЕМ можат да соработуваат и партиски неопределени лица - симпатизери на Партијата. Тие можат да учествуваат и на седници на органите и во работните тела на Партијата без право на глас. Начинот на нивното учество на седници на органите и во работните тела на Партијата се уредува со Одлука на Собранието на Организацијата на жени на ПОДЕМ.

**Член 9**

Членот на Организацијата на жени на ПОДЕМ ги има следниве права и обврски:

• да биде информиран за активностите на Партијата;

• да учествува во утврдувањето и остварувањето на политиката и активностите на Партијата;

• да предлага кандидати и да биде предложен за кандидат во сите органи на Партијата и на партиските листи за парламентарните, претседателските и локалните избори;

• да се самопредлага за кандидат во сите органи на Партијата и на партиските листи за парламентарните, претседателските и локалните избори;

• да избира и да биде избиран во сите органи на Партијата;

• да иницира и презема активности кои не се спротивни на овој Статут и на основните програмски и политички ставови на Партијата;

• слободно да ги изразува своите мислења и ставови и да доставува предлози за определени прашања од работата и активностите на Партијата;

•да бара повторно разгледување на определени прашања, кога ќе оцени дека се создале услови за тоа, да го извести членството и да бара поддршка од членството тие повторно да бидат разгледани од страна на организацијата или органот на Партијата во кои не добиле мнозинска поддршка;

• да изразува и да застапува различно мислење внатре во Партијата без да има последици заради тоа;

• да ги остварува своите права пред надлежните органи на Партијата и во согласност со овој Статут;

• да ја извршува својата активност во согласност со овој Статут;

• теоретски и практично да се оспособува за политичко дејствување, организирано од страна на Партијата.

**Член 10**

Членувањето во Организацијата на жени на ПОДЕМ престанува со напуштање на Партијата, со поднесување писмена изјава за истапување или со утврдување на престанокот на членството.

Членството во Партијата престанува во случај на:

- утврдено истовремено членување во друга политичка партија регистрирана на територијата на Република Македонија;

- доколку како пратеник во Собранието на Република Македонија, градоначалник, советник или избран функционер во извршната власт од редовите на ПОДЕМ не дејствува во согласност со Програмата и Статутот на Партијата;

- доколку со своето однесување и работење го урива угледот на Партијата;

- доколку со своето политичко дејствување работи спротивно на Статутот и Програмата на Партијата.

- поради трајно нарушена деловна способност или смрт.

Одлука за утврдување престанок на членството во Организацијата на жени на ПОДЕМ за членови на општинската организација донесува Извршниот одбор на општинската организација, за членови на Централниот и Извршниот одбор на ПОДЕМ, а за членови на Парламентарната група и за членови во извршната власт донесува Централниот одбор на ПОДЕМ.

Одлуката задолжително му се доставува на членот во писмена форма.

Членот за кого Извршниот одбор на општинската организацијана ПОДЕМ констатира дека му престанува членството, има право на жалба во рок од 15 дена до Надзорниот одбор на општинската организација на ПОДЕМ, чија одлука е конечна.

Членот за кого е утврдено дека му престанува членството од страна на Централниот одбор ПОДЕМ, има право на жалба во рок од 15 дена до Надзорниот одбор на ПОДЕМ, чија одлука е конечна.

## 3. Организациска структура и органи на ПОДЕМ

**Член 11**

Принципот на организирање на Организацијата на жени на ПОДЕМ е врз територијална основа. Со одлука на надлежните органи, може да се организираат интересовни форми на организирање на членството (комисии, совети, организации, активи, секции, клубови и конференции).

**Член 12**

Членството на Организацијата на жени на ПОДЕМ е организирано на: месно, општинско и на ниво на државата.

**Член 13**

***Месната организација*** на Организацијата на жени на ПОДЕМ е основна форма на организирање во која на определено избирачко место или на повеќе избирачки места се реализираат политичката волја и правата и обврските на членовите на Партијата утврдени во овој Статут.

**Член 14**

Одлука за основање месна организација донесува Извршниот одбор на општинската организација на ПОДЕМ, на барање од најмалку 5 членови на Партијата, што е истовремено и минималниот број на членови за основање месна организација.

За секое спојување, менување и укинување на месна организација, одлука донесува Извршниот одбор на општинската организација на ПОДЕМ.

Извршниот одбор на општинската организација на ПОДЕМ, во зависност од бројот на членовите на Партијата, може да донесе одлука општинската организација да биде организациска форма на поврзување на сите членови од општината, без месни организации.

Месната организација се состанува редовно, најмалку еднаш во три месеци. Примерок од записникот воден на состанокот се доставува до Извршниот одбор на општинската организација на ПОДЕМ. За активностите и вкупното дејствување на членовите, како и за формите на дејствување и поврзување на подрачјето на месната организација се изготвува годишен извештај кој е предмет на оценка на состаноците на месната организација и на органите на Организацијата на жени на ПОДЕМ.

**Член 15**

Месната организација:

- избира делегати за Собранието на Општинската организација на Организацијата на жени на ПОДЕМ;

- предлага кандидати за органите на Партијата на повисоко ниво (ИО, ЦО) од Собранието на општинската организација, за пратеници, градоначалници и советници во советите на општините и Градот Скопје.

**Член 16**

Членовите на месната организација одржуваат изборен состанок на кој избираат претседател и секретаријат со најмалку 5 членови.

Во месните организации со помалку од 15 членови се избираат претседател.

Мандатот на избраните лица трае четири години, со право на повторен избор.

**Член 17**

Одлуките, ставовите и предлозите на состаноците на месните организации се усвојуваат со мнозинство гласови од присутните.

**Член 18**

Претседателот и другите членови на Претседателството на месната организација се должни, во соработка со претседателството на општинската организација на Организацијата на жени на ПОДЕМ, да обезбедат услови за остварување на правата и обврските на членовите, што произлегуваат од овој Статут.

**Член 19**

*Општинската организација* на Организацијата на жени на ПОДЕМ е форма на поврзување и дејствување на членството во месните организации од подрачјето на општината.

Одлука за основање и престанок на дејствување на општинска организацијана ОЖ донесува Претседателството на Организацијата на жени на ПОДЕМ.

**Член 20**

Органи на општинската организација на Организацијата на жени на ПОДЕМ се: *Собрание, Претседател и Претседателство.*

**Член 21**

*Собранието* е највисок орган на општинската организација на жени и го сочинуваат:

- претседател на општинската организација на жени;

- членовите на Претседателството на општинската организација на жени;

- по еден делегат на определен број членови од месните организации и од интересовните форми на организирање, утврден со одлуката за свикување на Собранието;

- членовите на Собранието и Претседателството на Организацијата на жени на ПОДЕМ на ниво на држава.

**Член 22**

Собранието на општинската организација на жени се свикува најмалку еднаш годишно, со одлука на Претседателството на општинската организација на жени, а секоја четврта година се состанува на изборна седница.

Доколку на избраните органи на општинските организации на Организацијата на жени на ПОДЕМ не им се изгласа доверба, во рок од 30 дена се закажува вонредно собрание за избор на нови органи чиј мандат трае до крајот на мандатот на Собранието.

Седницата на Собранието на Организацијата на Жени на ПОДЕМ се свикува по одлука на Претседателството, по барање на Претседателот на Општинската организацијата на жени на ПОДЕМ, или по барање на најмалку 1/3 жени од месните организации.

Седница на Собранието на општинската организацијатана жени може да свика и Надзорниот одбор или Претседателот на општинската организација на ПОДЕМ доколку Претседателството во рок од 2 месеца не постапи во согласност со ставовите 2 и 3 од овој член.

Одлуката за свикување на Собранието се објавува најмалку 15 дена пред денот на нејзиното одржување.

Кога Собранието се свикува согласно став 2, 3 и 5 на овој член рокот за објавување може да биде и пократок.

Мандатот на делегатите на Собранието, избрани од месните организации трае четири години.

Мандатот на делегатите со кои се прават замени, дополнување и проширување во составот на Собранието е во рамките на четиригодишниот мандат на делегатите.

**Член 23**

Собранието на општинската организација на Организацијата на жени на ПОДЕМ:

- учествува во градењето и остварувањето на Програмата на општинската организација и на Програмата на Организацијата на жени на ПОДЕМ;

- избира Претседател и членови на Претседателството на општинската организација на жени;

- избира делегати за КОНФЕРЕНЦИЈА на жени на ПОДЕМ, според одлуката за составот на истата;

- избира член за Собранието на Организацијата на жени на ПОДЕМ на државно ниво;

- предлага кандидати за органите на Организацијата на жени на ПОДЕМ;

- еднаш годишно расправа по извештаите на општинските организации на жени на ПОДЕМ

- расправа за извештаите на органите на Организацијата на жени на ПОДЕМ;

- донесува деловник за својата работа;

- по потреба, разгледува и други прашања поврзани со работата на Партијата.

**Член 24**

*Претседателот* на општинската организација на жени на ПОДЕМ:

- ја претставува и застапува општинската организација на жени;

- ги свикува и раководи со состаноците на општинската организација на жени;

- раководи со општинската организација на жени меѓу седниците на Претседателството;

- ги свикува и претседава со седниците на Претседателството на општинската организација;

- еднаш годишно поднесува извештај до Собранието на општинската организација на жени на ПОДЕМ;

- извршува и други работи што му се ставени во надлежност со деловникот за работа и со посебни одлуки и акти на Претседателството на општинската организација и на другите органи на Организацијата на жени на ПОДЕМ.

Мандатот на Претседателот трае четири години, со право на повторен избор.

**Член 25**

*Претседателството*на општинската организација на Организацијата на жени на ПОДЕМ го сочинуваат:

- претседателот на општинската организација на жени;

- до 14 членови што ги избира Собранието од редот на членовите на општинската организација на жени, при што вкупниот број на членовите на Претседателството мора да биде непарен.

Во работата на Претседателството на општинската организација на жени на ПОДЕМ може да учествуваат: членот на Собранието на Организацијата на Жени на ПОДЕМ и претседателот на Општинската организација на ПОДЕМ, без право на одлучување.

Мандатот на членовите на Претседателството на општинската организација на жени трае четири години, со право на повторен избор.

**Член 26**

Претседателството на Општинската организацијата на жени на ПОДЕМ од својот состав избира секретар.

Секретарот на Претседателството:

• го организира внатрепартискиот живот, се грижи за следењето и извршувањето на одлуките, ставовите и заклучоците на органите на општинската организација на Организацијата на жени на ПОДЕМ;

• ги подготвува седниците на Претседателството на општинската организација на жени на ПОДЕМ;

• по секоја седница на Претседателствотона општинската организација на жени на ПОДЕМ задолжително подготвува информации за заклучоците од седниците, коишто претседателот на општинската организација на жени ги доставува до секретарот на Организацијата на жени на ПОДЕМ;

• ја води единствената база на податоци за членовите на општинската организација на жени на ПОДЕМ;

• се грижи за кадровските прашања на општинската организација на жени на ПОДЕМ;

• предлага финансиски план за реализација на планските активности на општинската организација на Организацијата на жени на ПОДЕМ;

Мандатот на секретарот на Претседателството трае четири години, со право на повторен избор.

**Член 27**

Седници на Претседателството на општинската организација на жени на ПОДЕМ се свикуваат по потреба, но најмалку еднаш месечно.

Седница на Претседателството може да биде свикана и по барање на 1/3 од членовите на Претседателството на општинската организација на жени на ПОДЕМ.

Во отсуство на претседателот на општинската организација на жени, седниците ги свикува и со нив раководи член на Претседателството на општинската организација на жени што ќе го определи претседателот.

**Член 28**

Правата и обврските на претседателот и на секретарот на општинската организација на жени и на членовите на Претседателството на Организацијата на жени на ПОДЕМ се уредуваат со деловник, врз основа на овој Статут.

**Член 29**

*Собранието на Општинската Организација на женина ПОДЕМ* може со своја одлука да основа регионални и други форми на поврзување и дејствување на општинските организации на жени, а нивните надлежности се утврдуваат со одлука за основање.

**Член 30**

Органи на Организацијата на жени на ПОДЕМ на државно ниво се*: КОНФЕРЕНЦИЈА, Собрание, Претседателство и Претседател.*

**Член 31**

*Конференцијата* на Организацијата на жени на ПОДЕМ ја сочинуваат:

- Претседателот на Организацијата на жени на ПОДЕМ;
- членовите на Собранието на Организацијата на жени на ПОДЕМ;
- претседателите на општинските организации на жени на ПОДЕМ;
- по 1 делегат на определен број членови од општинските организации на Организацијата на жени на ПОДЕМ,утврдени со одлука за свикување на КОНФЕРЕНЦИЈА;
- пратениците, министрите, замениците министри, градоначалници, членови на совети и други именувани лица од женската полова припадност;
- членовите на Надзорен одбор, Централен Одбор и Извршен Одбор на ПОДЕМ од женска полова припадност.

**Член 32**

Највисок орган на Организацијата на жени на ПОДЕМ е *Конвенцијата.*

Конференцијата се состанува на изборна седница секоја четврта година.
Одлука за свикување на Конференцијата донесува Собранието на ОЖ на ПОДЕМ.
Конференцијата може да биде свикана вонредно пред рокот на четири години и тоа:

- по барање на Претседателот на Организацијата на жени на ПОДЕМ.
- по барање на најмалку 1/3 од членовите на Собранието на ОЖ на ПОДЕМ.
- по барање на најмалку 1/3 од општинските организации на жени на ПОДЕМ.

Конференцијата на Организација на жени на ПОДЕМ може да ја свика и Претседателот на Организацијата на жени на ПОДЕМ доколку Собранието во рок од два месеца не постапи во согласност со став 3 од овој член.

Кога Конференцијата се свикува во смисла на став 4 на овој член рокот за објавување може да биде и пократок.

Мандатот на делегатите кои се избрани од општинските организации на жени за изборната седница на Конференцијата трае четири години.

Мандатот на делегатите со кои се прават измени и дополнување во составот на Конференцијата е во рамките на четиригодишниот мандат.

**Член 33**

Конференцијата на Организацијата на жени на ПОДЕМ:

- донесува деловник за својата работа;
- донесува измени и дополнувања на Програмата и Статутот на Организацијата на жени на ПОДЕМ;
- го одобрува извештајот за работата на органите меѓу двете конференции;
- го утврдува бројот на членовите на органите и носителите на функциите на Организацијата на жени на ПОДЕМ;
- избира Претседател на Организацијата на жени на ПОДЕМ;
- избира членови на Собранието на Организацијата на жени на ПОДЕМ;
- ја утврдува одговорноста на носителите на функциите што ги избира;
- по потреба, разгледува и други прашања сврзани со работата на Организацијата на жени на ПОДЕМ.

**Член 34**

*Претседателот* на Организацијата на жени на ПОДЕМ:

- ја претставува и застапува Организацијата на жени на ПОДЕМ;
- раководи со Организацијата на жени на ПОДЕМ меѓу седниците на нејзините органи;
- учествува во градењето на политиката на Организацијата на жени на ПОДЕМ;
- ги свикува седниците на Собранието и Претседателството;
- извршува и други работи што му се ставени во надлежност со општите акти и со посебните одлуки на органите на Партијата.

  Мандатот на Претседателот на Организацијата на Жени трае четири години, со право на повторен избор.

**Член 35**

*Собранието* на Организацијата на жени на ПОДЕМ го сочинуваат:

- Претседателот на Организацијата на жени на ПОДЕМ;
- по 1 член – претставник од секоја општинска организација;
- дополнителен број на членови кои по пат на одлука ги избира Конференцијата, по одлука на Конференцијата.

  Мандатот н членовите на Собранието на ОЖ на ПОДЕМ трае четири години, со право на повторен избор.

**Член 36**

Собранието е највисок орган помеѓу двете конференции на Организацијата на жени на ПОДЕМ кое:

- раководи со Организацијата на жени на ПОДЕМ меѓу двете конференции и се грижи за извршување на нејзините одлуки;

- дава политички оценки и утврдува политички ставови на Организацијата на жени на ПОДЕМ;

- од својот состав избира Претседателство, потпретседатели и секретар;

- донесува одлука за бројот на членовите на Претседателство;

- со посебна одлука може да избира или именува и други носители на функции во Организацијата на жени на ПОДЕМ;

- донесува одлуки за основање интересовни форми на организирање и нивно членство на републичко ниво;

- решава по жалби на одлуките на претседателствата на општинските организации на жени на ПОДЕМ;

- донесува одлука за распуштање на одделна општинска организација на жени;

- донесува одлуки за распишување внатрепартиски избори и ги утврдува критериумите и постапката за избор на членовите и органите Организацијата на жени на ПОДЕМ;

- ја утврдува одговорноста на носителите на функции што ги избира;

- основа постојани и повремени работни тела (одбори, комисии, проектни групи) чиј делокруг на работа се утврдува со одлуката за нивно основање;

- донесува одлуки за основање на стручна служба на Организацијата на младината на ПОДЕМ и други форми за вршење на својата дејност;

- донесува деловник за својата работа;

- по потреба, решава и за други прашања поврзани со работата на Организацијата на жени на ПОДЕМ кои со Статутот или со друг општ акт не се ставени во надлежност на друг орган на Организацијата на жени на ПОДЕМ.

**Член 37**

Седниците на Собранието ги свикува и со нив претседава Претседателот Организацијата на жени на ПОДЕМ.

Во случај на отсуство на Претседателот, седниците може да ги свикува и води потпретседател или член на Претседателството, кога тоа е предвидено со Деловникот за работа на Собранието.

На седниците на Собранието може да присуствуваат Претседателот на ПОДЕМ, секретарите на ПОДЕМ, претседателот на Надзорниот одбор на ПОДЕМ, членовите на пратеничката група, министрите, заменици -министри, избрани и именувани функционери на предлог од ПОДЕМ, без право на одлучување.

**Член 38**

Собранието со мнозинство гласови од присутните членови на седницата избира тројца потпретседатели на Организацијата на жени на ПОДЕМ.

**Член 39**

*Потпретседателите* на Организацијата на жени на ПОДЕМ ги имаат следниве права, должности и одговорности:

• го заменуваат Претседателот на Организацијата на жени на ПОДЕМ, во случај на негова отсутност или спреченост да ја извршува функцијата;

• се грижат за спроведување и реализација на програмата на Организацијата на жени на ПОДЕМ;

• се грижат за работата на органите и телата на Организацијата на жени на ПОДЕМ;

• се грижат за операционализацијата на донесените ставови и заклучоци;

• вршат и други работи што ќе им ги додели Претседателот на Организацијата на жени на ПОДЕМ.

Мандатот на потпретседателите трае 4 години, со право на повторен избор.

**Член 40**

Собранието со мнозинство гласови од присутните членови на седницата избира секретар.
Функцијата секретар на Организацијата на жени на ПОДЕМ е неспоива со функции во извршната власт.

Мандатот на секретарот трае 4 години, со право на повторен избор.

**Член 41**

*Секретарот* на Организацијата на жени на ПОДЕМ ги има следниве надлежности:

• го организира внатрепартискиот живот, се грижи за следењето и извршувањето на одлуките, ставовите и заклучоците на органите на Организацијата на жени на ПОДЕМ;

• ги подготвува седниците на органите на Организацијата на жени на ПОДЕМ;

• учествува во градењето на политиката на Организацијата на жени на ПОДЕМ;

• по секоја седница на Собранието и на Претседателството на Организацијата на жени на ПОДЕМ, задолжително подготвува информации за заклучоците од седниците и истите ги става на располагање на општинските организации на жени на ПОДЕМ заради информирање на членството;

• се грижи за кадровските прашања на Организацијата на жени на ПОДЕМ;

• учествува во градењето и извршувањето на активностите на Организацијата на жени на ПОДЕМ на меѓународен план;

• се грижи за афирмација на дејноста на Организацијата на жени на ПОДЕМ во меѓународните институции и организации;

•се грижи за меѓународните контакти и соработката на Организацијата на жени на ПОДЕМ со организација на жени на политички партии од странство со демократска ориентација;

• ги организира меѓународните средби на органите и членството на Организацијата на жени на ПОДЕМ;

• го следи развојот политичкиот дијалог и политичката култура на жените на меѓународен план;

• се грижи за пристапување на Организацијата на жени на ПОДЕМ во меѓународни организации со демократска ориентација.

**Член 42**

*Претседателот на Собранието на Организацијата на жени на ПОДЕМ* го сочинуваат:

- Претседателот;

- потпретседателите;

- секретарот и

- определен број на членови, согласно одлука на Собранието на Организацијата на жени на ПОДЕМ.

Мандатот на членовите на Претседателството трае четири години, со право на повторен избор.

**Член 43**

*Претседателството* е извршен орган на Собранието на Организацијата на жени на ПОДЕМ, кој:

- учествува во градењето и изразувањето на политичката волја на Организацијата на жени на ПОДЕМ;

- ги реализира заклучоците и ставовите на Собранието што се однесуваат на организираноста и внатрешниот живот на Организацијата на жени на ПОДЕМ;

- ги обработува прашањата од внатрешен, организациски и кадровски карактер и е одговорен за ефикасното спроведување на професионалните работи за потребите на Организацијата на жени на ПОДЕМ;

- ги разгледува иницијативите, предлозите, мислењата и молбите што се упатени до него, односно што се однесуваат на организациските прашања на Организацијата на жени на ПОДЕМ;

- по потреба, формира работни групи за изработка и извршување на задачите од неговата надлежност;

- донесува деловник за својата работа.

Со работата на Претседателството раководи Претседател, односно еден од потпретседателите или член на Претседателствотопо овластување Претседателот.

Во работата на Претседателството, учествуваат по покана Претседателот на ПОДЕМ, Претседател на Надзорниот Одбор на ПОДЕМ, потпретседателите и секретарите на ПОДЕМ, без право на одлучување.

**Член 44**

*Комисиите на Организацијата на жени на ПОДЕМ* се советодавни тела на Претседателството на Организацијата на жени на ПОДЕМ.

Со работата на секоја од комисиите раководи претседател кого го избира Претседателството на Организацијата на жени на ПОДЕМ.

Членовите на комисиите ги избира Претседателството.

Комисиите ги имаат следниве надлежности:

- помагаат во заземањето ставови за прашања од работата на Организацијата на жени на ПОДЕМ и учествува во градењето и извршувањето на експертските активности на Партијата;

- ги реализираат заклучоците и ставовите на Претседателството што се однесуваат на стручното мислење на Организацијата на жени на ПОДЕМ;

- ги разгледуваат иницијативите, предлозите, мислењата и молбите што се упатени до неа, а што се однесуваат на експертските прашања;

Комисиите се формираат за извршување на задачите за секоја област од општественото живеење. Комисиите како советодавни тела функционираат на сите нивоа на територијалната организација. Работата на комисиите се регулира со посебен правилник.

На Надзорниот одбор му се достапни сите релевантни податоци и документи, а за тоа се грижи Претседателот на Организацијата на жени на ПОДЕМ.

Надзорниот одбор одлучува по жалби на одлуки од Централниот одбор.

**5. Начин на одлучување**

**Член 45**

Органите на Организацијата на жени на ПОДЕМ полноважно одлучуваат ако на состаноците се присутни повеќе од половината од членовите кои ги сочинуваат органите, а одлуките се донесуваат со мнозинство гласови од присутните.

Ако за исто прашање постојат повеќе предлози, за усвоен се смета оној предлог што добил мнозинство гласови од присутните.

Со деловникот за работа или со посебна одлука може да се предвиди и посебна постапка за усвојување на одлуките во повеќе кругови на изјаснување, при што во процесот на изјаснување отпаѓаат предлозите со најмал број гласови, се додека со изјаснувањето не се утврди дали некој од предлозите добил мнозинство гласови од присутните.

Ако при изјаснувањето значително малцинство, односно најмалку 30% од вкупниот број членови на органот се изјасни против донесувањето на одлуката или се воздржани, донесувањето на одлуката се одложува до наредната седница на соодветниот орган и тогаш одлуката се донесува со мнозинство гласови.

Малцинството од став 4 на овој член не смее да трпи никакви последици за изнесените ставови.

**6. Избор и разрешување**

**Член 46**

Постапката и критериумите за кандидирање, избор и разрешување на членовите на органите на ОЖ и носителите на функции во органите на ОЖ на ПОДЕМ се утврдуваат со одлука на Собранието на Организацијата на жени на ПОДЕМ.

Со одлука на Собранието на ОЖ на ПОДЕМ се утврдуваат критериумите и принципот на деакумулација на функции.

**Член 47**

Изборот на носителите на функции во Организацијата на жени на ПОДЕМ се врши со тајно или јавно гласање, по одлука на органот којшто ги избира.

За носители на функции се избрани оние кандидати кои добиле најголем број гласови од присутните членови на органот којшто ги избира, но за да биде избран,кандидатот мора да добие повеќе од 1/3 гласови од вкупниот број членови на избирачкото тело.

Доколку во првиот изборен круг не биде избран ниту еден од кандидатите, во вториот изборен круг влегуваат двајцата кандидати кои освоиле најголем број на гласови, а за избран се смета кандидатот којшто добил најголем број гласови, но тоа мора да биде повеќе од 1/3 од вкупниот број членови на избирачкото тело.

Доколку и по вториот изборен круг ниту еден од кандидатите нема да биде избран, постапката на избор се повторува со нова листа.

**Член 48**

Изборот на членовите на органите на Организацијата на жени на ПОДЕМ се врши со тајно или јавно гласање, по одлука на органот којшто ги избира.

Избрани се оние кандидати за членови на органите на Организацијата на жени на ПОДЕМ кои добиле најголем број гласови од присутните членови на органот којшто ги избира, но за да биде избран, кандидатот мора да добие повеќе од 1/3 гласови од вкупниот број членови на избирачкото тело.

Ако при гласањето не е избран потребниот број членови на органот, дополнително се избираат онолку кандидати колку што е потребно за да се пополни составот на органот, на начин што се определува со деловник или што ќе го утврди избирачкото тело.

**Член 49**

На органите на Организацијата на жени на ПОДЕМ им е изгласана недоверба ако за таквата недоверба гласале повеќе од половината од присутните, но не помалку од 1/3 од вкупниот број членови на избирачкото тело.

Во случај на изгласана недоверба, органите продолжуваат да ги извршуваат своите функции дефинирани со Статутот Организацијата на жени на ПОДЕМ до изборот на нов состав.

**Член 50**

Доколку на избраните органи на државно ниво, односно општинската организација, им се изгласа недоверба, во рок од 30 дена, се закажува вонреден КОНФЕРЕНЦИЈА, односно Собрание за избор на нови органи, чиј мандат трае до крајот на постојниот мандат на КОНФЕРЕНЦИЈАта, односно Собранието.

Доколку се изгласа недоверба на Претседателот на Организацијата на жени на ПОДЕМ, во рок од 30 дена се свикува вонреден КОНФЕРЕНЦИЈА и се врши нов избор на сите органи на Организацијата на жени на ПОДЕМ чиј мандат трае 4 години.

Доколку се изгласа недоверба на други носители на функции и органи, во рок од 30 дена, се свикува изборна седница на соодветниот орган кој ги избира.

Мандатот на новите членови трае до крајот на постојниот мандат.

## 7. Научно-истражувачка и издавачка дејност во Организацијата на жени на ПОДЕМ

**Член 51**

Заради афирмација и промоција на политичките ставови на Организацијата на жени на ПОДЕМ, ПОДЕМ издава билтени, летоци и друг вид издавачки материјал, а врши и научно - истражувачки активности, доколку е тоа дозволено со Закон.

Официјална веб страница на Организацијата на жени на ПОДЕМ е: www.podem.org.mk.

## 8. Престанок на функција во органите на Организацијата на жени на ПОДЕМ

**Член 52**

Функција во органите на Организацијата на жени на ПОДЕМ престанува со разрешување или со поднесување оставка или со истек на мандатот.

Одлука за разрешување на член на орган или носител на функција донесува органот на соодветното ниво на организираност од страна на оној којшто го извршил изборот, на начин на кој се избираат членовите на органите или носителите на функции.

**Член 53**

Предлог за разрешување може да поднесе Собранието на општинската организација на жени на ПОДЕМ, Претседателството на соодветното организациско ниво и Собранието на Организацијата на жени на ПОДЕМ.

Предлог за разрешување на член на орган на Партијата на државно ниво можат да поднесат Претседателот на Организацијата на жени на ПОДЕМ или најмалку 1/3 од делегатите на КОНФЕРЕНЦИЈА та.

Член на Претседателството на Собранието се разрешува на начин на кој е избран на таа функција, а предлогот може да го поднесат Претседателот на Организацијата на жени на ПОДЕМ или Претседателството на Собранието.

Претседателот на Организацијата на жени на ПОДЕМ се разрешува на начин на кој е избран на таа функција, а предлогот може да го поднесат најмалку 1/2 од општинските организации на жени на ПОДЕМ или најмалку 1/2 од членовите на Собранието на Организацијата на жени на ПОДЕМ.

Членот на органот или носителот на функција, кој со одлука е разрешен од должноста, има право на жалба во рок од 15 дена до Надзорниот одбор, чија одлука е конечна.

**Член 54**

Носителот на функција оставка поднесува до органот што го избрал. Подносителот на оставката има право и должност писмено или усно да ја образложи оставката.

## 9. Распуштање на организациска форма на Организацијата на жени на ПОДЕМ

**Член 55**

Собранието може да донесе одлука за распуштање на организациска структура или форма на Организацијата на жени на ПОДЕМ поради целосно престанување на нејзината работа, поради намалување на обемот на дејноста на органот или поради неостварување на програмските, статутарните и политичките цели на Организацијата на жени на ПОДЕМ.

Против одлуката за распуштање може, во рок од 15 дена да се поднесе жалба од страна на организациската структура или форма на која се однесува таа одлука.

Жалбата се поднесува до Надзорниот одбор на ПОДЕМ, чија одлука е конечна.

**Член 56**

Ако одделни органи на општинските организации на жени на ПОДЕМ не ги остваруваат програмските и статутарните определби и политичките цели на Партијата, Собранието може да иницира или да свика седница на Собранието на општинската организација на жени заради гласање за доверба на органот и евентуално избор на нов орган.

До изборот на органот од став 1 на овој член Собранието на Организацијата на жени на ПОДЕМ може да именува привремено раководство.

## 10. Престанок на Организацијата на жени на ПОДЕМ и постапување со имотот

**Член 57**

Организацијата на жени на ПОДЕМ може да престане да дејствува:

- со одлука на КОНФЕРЕНЦИЈА та, донесена со 2/3 мнозинство од вкупниот број членови на КОНФЕРЕНЦИЈАта, а по претходна расправа во Организацијата на жени на ПОДЕМ;

- со Одлука на Централниот одбор на ПОДЕМ.

## III. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 58**

Измените и дополнувањето на овој Статут ги врши Конвенцијата на Организацијата на жени на ПОДЕМ, со мнозинство гласови од вкупниот број членови присутни на Конвенцијата.

**Член 59**

Статутот влегува во сила со денот на донесувањето.

**Член 60**

Сите општи акти на Организацијата на жени на ПОДЕМ ќе се усогласат со одредбите на овој Статут во рок од 60 денови од денот на неговото влегување во сила.

***Кавадарци,***

***11 јули 2010 г.*** ***ПРВА КОНФЕРЕНЦИЈА***